**ИЗВЕСТУВАЊЕ за влегување во сила на Спогодбата за олеснување на трговијата на Светската трговска организација**

Министерството за економија известува дека Спогодбата за олеснување на трговијата на Светската трговска организација (WTO Agreement on Trade Facilitation) официјално влезе во сила на 22 февруари 2017 година, по депонирање на инструментот за ратификација на спогодбата од 110-та земја членка на СТО, од вкупно 164 земји членки.
Република Македонија ја ратификува СТО Спогодбата за олеснување на трговијата на 31 јули 2015 година („Службен весник на Република Македонија„ бр.130/2015), а на 19 октомври 2015 година го депонира инструментот за нејзино прифаќање и постана 50-та земја членка на СТО што ја завршила постапката за прифаќање.
Министерството за економија во февруари 2015 година, до СТО подготвителниот Комитет за олеснување на трговијата ја нотифицира усогласеноста со Спогодбата во категорија А, под број WT/PCTF/N/MKD/1 со назнака дека 2 мерки, како што се: 1 формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата и 2. Национален комитет за олеснување на трговија ќе се реализираат по влегување во сила на Спогодбата.
Направене е голем чекор во глобалниот трговски систем со донесувањето на оваа спогодба бидејќи ова е прва мултилатерална Спогодба усвоена од членките, како дел од "Пакетот Бали" која е постигната од формирањето на СТО во 1995 година. Спогодбата е усвоена на деветтата Министерска конференција на Светската трговска организација (СТО) одржана во Бали, Индонезија во декември 2013 година.
Спогодбата за олеснување на трговијата веќе постана дел од домашното законодавство. Нејзината примена ќе обезбеди поедноставување на царинските постапки низ ефикасна соработка помеѓу царината и надлежните инспекции за контрола при увозот, извозот и транзитот на стоките, со цел за олеснување на трговијата на граница. Директни корисници на спогодбата се приватниот сектор, како што се увозниците, извозници, шпедитери, транспортери на стока итд.
Информативното тело што се планира да се формира набрзо, ќе биде надлежно да дава одговари на прашања поставени од владите на други членки на СТО, трговците и други заинтересирани страни поврзани со увозот, извозот и транзитните процедури; царинските и други давачки кои се во примена; давачките за агенциите во врска со увозот, извозот или транзитот; правилата за класифицирање или вреднување на производите за царински постапки; законодавството за потеклото на стоките; ограничувањата или забрани за увоз, извоз или транзит; постапката за доделување на тарифните квоти; постапките за жалби; склучени договори за трговија со други земји и др.
Формиран е Национален комитет за олеснување на трговијата, каде што Владата на Република Македонија ја назначи Интернационалната стопанска комора на Македонија за носител на комитетот. Веб страната на комората е: www.icc.mk